ФЗОМ
ФОНД ЗА ЗДРАВСТВЕНО ОСИГУРУВАЊЕ НА МАКЕДОНИЈА
www.fzo.org.mk

Адреса: Македонија бб, 1000 Скопје
Тел.: 02 3289 012
Централа.: 02 3289 000
Факс: 02 3289 009
Е-пошта: info@fzo.org.mk

# ПОЛУГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ ЗА РАБОТЕЊЕТО НА СЕКТОРОТ КОНТРОЛА

## ВОВЕД

Контролата во здравствените установи  се спроведува во согласност со членот 54, точка 12 и 13 и член 71 од Законот за здравствено осигурување како и правилникот за овластување на овластените лица за контрола на Фондот за здравствено осигурување на Македонија, етичкиот кодекс на однесување на овластените лица за контрола на ФЗОМ како и согласно одредбите од договорите за пружање и плаќање на здравствените услуги во примарна, специјалистичко – консултативна и болничка здравствена заштита склучени помеѓу Фондот за здравствено осигурување на Македонија.

Функцијата на Секторот контрола како и опфат на активности е вршење на контрола при тоа контролирајќи го остварувањето на правата и обезбедувањето на здравствените услуги произлезени од законот за здравствено осигурување и законот за здравствена заштита како и почитување на здравствените законски и под законски акти кои исто така произлегуваат од договорот со Фондот.

## 2.  ОРГАНИЗАЦИОНА ПОСТАВЕНОСТ НА СЕКТОРОТ КОНТРОЛА

Секторот контрола е составен од три одделенија за контрола и тоа:

- ***Одделение за контрола***

Оддел за контрола во примарна здравствена заштита
Оддел за контрола во специјалистичко-консултативна здравствена заштита
Оддел за контрола во болничка здравствена заштита

- ***Одделение за мобилна и дежурна контрола***

- ***Одделение за внатрешна контрола***

## 3. ВИДОВИ И ТИПОВИ НА КОНТРОЛА  ВО ЗДРАВСТВЕНИТЕ УСТАНОВИ

Секторот контрола во своите надлежносрти извршува контролни активности од аспект на видот и типот на контрола која се извршува во здравствените установи постојат повеќе видови и типопви на контрола и тоа:

- редовни контроли на здравствените установи,
- контроли со посебна намена.

Редовните контроли опфаќаат:

- Контрола на цели

Адреса: Македонија бб, 1000 Скопје
Тел.: 02 3289 012
Централа.: 02 3289 000
Факс: 02 3289 009
Е-пошта: info@fzo.org.mk

- Општа контрола или контрола на договорните обврски
- Контроли по претставки од осигуреници
- Контроли на боледувања
- Контрола на работењето на здравствените установи

## 4. АКТИВНОСТИ НА СЕКТОРОТ КОНТРОЛА

**Табела 1: Активности на сектор контрола за периодот од 01.01. до 30.06.2012 година**

| | Број на извршени контроли | со уредна констатација | со неуредна констатација |
|---|---|---|---|
| **Контроли во примарна ЗЗ** | **35** | **12** | **23** |
| **Контроли во спец. ЗЗ** | **42** | **31** | **11** |
| **ВКУПНО** | **77** | **43** | **34** |

**Табела 2: Активности на сектор контрола – Распределба на контроли и неправилности во СКЗЗ меѓу ПЗУ и ЈЗУ**

| | Број на извршени контроли | со уредна констатација | со неуредна констатација |
|---|---|---|---|
| **Контроли во специјалистичка ЗЗ** | **42** | **31** | **11** |
| во ПЗУ | 30 | 27 | 3 |
| во ЈЗУ | 12 | 4 | 8 |
| Во Ортопедски куќи | 3 | 3 | 0 |

Во периодот од 01.01.2012 до 30.06.2012, секторот за контрола во делот на примарната и специјалистичко консултативната здравствена заштита има извршено вкупно 77 контроли и 32 наменски контроли за издадени потврди за ортопедски и други помагала како и 13 наменски контроли за нелегална продажба на диоптриски стакла, рамки, наочари.
При контроли извршени од одделот за контрола на СКЗЗ кај 11 од контролираните субјекти има утврдени неправилности, а без неправилности се 31 од контролираните субјекти.

ФЗОМ
ФОНД ЗА ЗДРАВСТВЕНО ОСИГУРУВАЊЕ НА МАКЕДОНИЈА
www.fzo.org.mk

Адреса: Македонија бб, 1000 Скопје
Тел.: 02 3289 012
Централа.: 02 3289 000
Факс: 02 3289 009
Е-пошта: info@fzo.org.mk

Одделот за примарна здравствена заштита (ПЗЗ) извршило 35 контроли од кои 16 се поради претставка од трето лице, додека 14 се во рамките на редовните контроли во ПЗЗ. (табела 3)

**Табела 3: Приказ на распределбата на контролите во примарна ЗЗ по основ (Сектор контрола)**

| Основ за контрола во примарна здравствена заштита | Број на контроли |
|---|---|
| **Контроли во ПЗЗ по претставка** | **16** |
| **Редовни контроли во ПЗЗ** | **14** |
| **Контрола на ИЛ-1 образци** | **5** |

Одделот за специјалистичко консултативна здравствена заштита (СКЗЗ) извршило 42 контроли од кои дури 14 се поради претставка од трето лице, додека останатите основи вкупно претставуваат 28 од контролите на одделот. (табела 4)

**Табела 4: Приказ на распределбата на контролите во специјалистичко консултативна ЗЗ по основ**

| Основ за контрола во специјалистичко консултативна здравствена заштита | Број на контроли |
|---|---|
| Контроли во СКЗЗ по претставка на трето лице | 14 |
| Контроли во СКЗЗ по барање на Директор на сектор | 25 |
| Контроли во СКЗЗ по барање на подрачна служба | 2 |
| Контроли во СКЗЗ по барање на Сектор финансии | 1 |
| **В К У П Н О** | **42** |

ФЗОМ
ФОНД ЗА ЗДРАВСТВЕНО ОСИГУРУВАЊЕ НА МАКЕДОНИЈА
www.fzo.org.mk

Адреса: Македонија бб, 1000 Скопје
Тел.: 02 3289 012
Централа.: 02 3289 000
Факс: 02 3289 009
Е-пошта: info@fzo.org.mk

**Во периодот од 01.01. до 30.06.2012 година од страна на овластените лица за контрола од подрачните служби на Фондот за здравствено осигурување на Македонија извршени се вкупно 2978 контроли, од кои 2646 контроли на здравствени установи од примарна здравствена заштита и 330 контроли на здравствени установи од специјалистичко консултативна здравствена заштита.**

**Табела 5: Приказ на контролите во примарна здравствена заштита (Подрачни служби)**

| **ред.бр.** | **ПС** | **Редовни контроли** | **Контрола по претставка** | **Контрола на цели** | **Вкупно** |
|---|---|---|---|---|---|
| 1 | Берово | 20 | 0 | 27 | 47 |
| 2 | Битола | 123 | 0 | 193 | 123 |
| 3 | Брод | 15 | 0 | 12 | 27 |
| 4 | Валандово | 4 | 0 | 14 | 18 |
| 5 | Виница | 27 | 0 | 28 | 55 |
| 6 | Гевгелија | 33 | 0 | 42 | 75 |
| 7 | Гостивар | 45 | 0 | 122 | 167 |
| 8 | Дебар | 29 | 0 | 22 | 51 |
| 9 | Делчево | 8 | 0 | 23 | 31 |
| 10 | Демир Хисар | 0 | 0 | 11 | 11 |
| 11 | Кавадарци | 6 | 0 | 71 | 77 |
| 12 | Кичево | 12 | 3 | 62 | 77 |
| 13 | Кочани | 29 | 4 | 64 | 97 |
| 14 | Кратово | 3 | 0 | 10 | 13 |
| 15 | Крива Паланка | 0 | 0 | 20 | 20 |
| 16 | Крушево | 4 | 0 | 20 | 24 |
| 17 | Куманово | 36 | 3 | 132 | 171 |
| 18 | Неготино | 8 | 0 | 30 | 38 |
| 19 | Охрид | 14 | 9 | 96 | 119 |
| 20 | Прилеп | 32 | 0 | 152 | 184 |
| 21 | Пробиштип | 0 | 0 | 23 | 23 |
| 22 | Радовиш | 0 | 0 | 31 | 31 |
| 23 | Ресен | 30 | 0 | 27 | 57 |
| 24 | Свети Николе | 54 | 0 | 26 | 80 |
| 25 | Скопје | 0 | 33 | 443 | 476 |
| 26 | Струга | 32 | 1 | 60 | 92 |
| 27 | Струмица | 25 | 2 | 145 | 172 |
| 28 | Тетово | 29 | 0 | 138 | 167 |
| 29 | Велес | 0 | 0 | 89 | 89 |
| 30 | Штип | 0 | 3 | 154 | 157 |
| | **ВКУПНО** | **618** | **58** | **2287** | **2646** |

Адреса: Македонија бб, 1000 Скопје
Тел.: 02 3289 012
Централа.: 02 3289 000
Факс: 02 3289 009
Е-пошта: info@fzo.org.mk

**Табела 6: Приказ на контролите во специјалистичко консултативна здравствена заштита (Подрачни служби)**

| Ред.бр. | ПС | Редовни контроли | Контрола по претставка | Вкупно |
|---|---|---|---|---|
| 1 | Берово | 4 | 0 | 4 |
| 2 | Битола | 17 | | 17 |
| 3 | Брод | 7 | 0 | 7 |
| 4 | Валандово | 2 | 0 | 2 |
| 5 | Виница | 10 | 0 | 10 |
| 6 | Гевгелија | 14 | 0 | 14 |
| 7 | Гостивар | 8 | 0 | 8 |
| 8 | Дебар | 0 | 0 | 0 |
| 9 | Делчево | 3 | 0 | 3 |
| 10 | Демир Хисар | 0 | 0 | 0 |
| 11 | Кавадарци | 4 | 0 | 4 |
| 12 | Кичево | 0 | 2 | 2 |
| 13 | Кочани | 12 | 0 | 12 |
| 14 | Кратово | 1 | 0 | 1 |
| 15 | Крива Паланка | 21 | 0 | 21 |
| 16 | Крушево | 0 | 0 | 0 |
| 17 | Куманово | 34 | 0 | 34 |
| 18 | Неготино | 10 | 0 | 10 |
| 19 | Охрид | 2 | 0 | 2 |
| 20 | Прилеп | 9 | 0 | 9 |
| 21 | Пробиштип | 0 | 0 | 0 |
| 22 | Радовиш | 3 | 0 | 3 |
| 23 | Ресен | 1 | 0 | 1 |
| 24 | Свети Николе | 1 | 0 | 1 |
| 25 | Скопје | 87 | 0 | 87 |
| 26 | Струга | 0 | 0 | 0 |
| 27 | Струмица | 17 | 4 | 21 |
| 28 | Тетово | 7 | 0 | 7 |
| 29 | Велес | 32 | 0 | 32 |
| 30 | Штип | 18 | 2 | 20 |
| | **ВКУПНО** | **324** | **8** | **332** |

Адреса: Македонија бб, 1000 Скопје
Тел.: 02 3289 012
Централа.: 02 3289 000
Факс: 02 3289 009
Е-пошта: info@fzo.org.mk

## 5. КОНСТАТИРАНИ НЕПРАВИЛНОСТИ ПО ОДДЕЛИ

**КОНТРОЛИ ВО ПРИМАРНА ЗДРАВСТВЕНА ЗАШТИТА – најчесто констатирани неправилности**

- Неуредно водење на медицинска евиденција(здравствен картон, амбулантски дневник и компјутеска евиденција);
- Некомплетна задолжителна и/или ургентна ампуларна терапија и боца за кислород;
- Наплата на осигурените лица партиципација спротивно Одлуката за утврдување на висината на учеството на осигурените лица во вкупните трошоци на здравствените услуги и лековите;
- Неоправдано наплатени дополнителни средства од осигурениците;
- Не поседуваат квитанции, поседуваат парагон блокче (каса прими) без потпис на осигуреникот;
- Неуредно пополнет и потпишан ИЛ-1 образец;
- Непочитување на договорните одредби за навремено известување на ФЗОМ при пензионирање на избраниот лекар;
- Во картотеката на здравствената установа недостасуваат здравствени картони на осигурените лица;
- Здравствената установа не обезбедува континуирана здравствена заштита, односно избраниот лекар работи во иста смена со неговата замена.

**КОНТРОЛИ ВО СПЕЦИЈАЛИСТИЧКО КОНСУЛТАТИВНА ЗДРАВСТВЕНА ЗАШТИТА – најчесто констатирани неправилности**

- Неуредно водење на медицинска евиденција(здравствен картон, амбулантски дневник и компјутеска евиденција);
- Наплата на осигурените лица партиципација спротивно Одлуката за утврдување на висината на учеството на осигурените лица во вкупните трошоци на здравствените услуги и лековите;
- Наплатување на дополнителни средства од осигурените лица ;
- Непочитување на Упатството за фактурирање на здравствени услуги (несоодветен избор на пакет);
- Двојно фактурирање;
- Фактурирање на здравствени услуги кои не се на товар на ФЗОМ според член 10 од Законот за здравствено осигурување;
- Злоупотреба на факсимил.

Адреса: Македонија бб, 1000 Скопје
Тел.: 02 3289 012
Централа.: 02 3289 000
Факс: 02 3289 009
Е-пошта: info@fzo.org.mk

## 6. ИНТЕРОДДЕЛЕНСКИ АКТИВНОСТИ – НАМЕНСКИ КОНТРОЛИ

Наменските контроли се спроведуваат по барање на менаџментот на Фондот или по барање на Директор на Сектор во Фондот, раководител на подрачна служба или врз основа на писмено барање на договорните страни, на работодавач, на осигурено лице и други надлежни институции, заради ефикасно остварување на политиките на Фондот и како такви не се дел од Годишниот план за контроли. Наменските контроли се вршат заради следење на:

- наменското контролирање во одредени сегменти
- контролирање на одредена материја
- спецификата во обезбедувањето на здравствените услуги

### 6.1 Наменски контроли на издадени потврди за ортопедски помагала

Во првите два квартала од 2012 година на територијата на подрачна служба Охрид, Штип, Кавадарци и Скопје спроведени се целни контроли на начинот на издавање на потврди за ортопедски и други помагала, при што контроли беа извршени на 30 ординации од примарна здравствена заштита како и на ЈЗУ ОБ Охрид, ЈЗУ ОБ Кавадарци и ЈЗУ Специјална болница за ортопедија и трауматологија „Свети Еразмо“ – Охрид.

Предмет на контрола беше почитување одредбите од Правилникот за индикациите за остварување на право на ортопедски и други помагала.

Контролата беше насочена на неколку сегменти и тоа:

✓ Почитување на одредбите од Правилникот за индикациите за остварување на право на ортопедски и други помагала;
✓ Контрола на издавањето на потврдите на ортопедски и други помагала;
✓ Контрола на водењето на медицинската евиденција.

**Табела 7: Табеларен приказ на здравствени установи контролирани за издавање на потврди за ортопедски и други помагала**

| Тип здравствени установи | |
|---|---|
| | **Број** |
| Приватни здравствени установи | **30** |
| Јавни здравствени установи | **2** |
| **В К У П Н О** | **33** |

Адреса: Македонија бб, 1000 Скопје
Тел.: 02 3289 012
Централа.: 02 3289 000
Факс: 02 3289 009
Е-пошта: info@fzo.org.mk

**Табела 8: Евиденција за констатирани неправилности по извршени наменски контроли за издадени потврди за ортопедски и други помагала**

| Констатирани неправилности кај здравствени установи кои издале потврди за ортопедски и други помагала | |
|---|---|
| **Констатирана неправилност** | **Број** |
| Издадена потврда со дијагноза спротивна на Правилникот за ортопедски помагала | **23** |
| Техничка грешка при пополнување на потврдатата за ортопедски помагала | **2** |
| Неуредно водење на медицинска евиденција | **5** |
| Промена на шифрата на ортопедско помагало | **1** |
| Без неправилности | **2** |
| **ВКУПНО** | **33** |

Од извршената анализа на податоците со кои располага Сектор контрола утврдено е дека при издавањето на потврди за ортопедски и други помагала најчеста неправилност е издавање на потврда за ортопедско помагало со дијагноза спротивна на Правилникот за индикациите за остварување на право на ортопедски и други помагала.

**6.2 Наменски контроли на специјалистичките ординации по очни болести на територијата на подрачна служба Скопје**

Во месец јуни 2012 година, по добиените задолженија на Шеесет и четвртата сеница на Владата на Република Македонија, а во координација со секретарот на координативното тело на Државниот пазарен инспекторат контролирани беа **13** ординации од специјалистичко консултативна здравствена заштита од областа на очната медицина на територијата на град

Адреса: Македонија бб, 1000 Скопје
Тел.: 02 3289 012
Централа.: 02 3289 000
Факс: 02 3289 009
Е-пошта: info@fzo.org.mk

Скопје. Контролите беа со цел да се утврди и евентуално спречи неовластена и нелегална трговија со медицински помагала (диоптриски рамки за очила, диоптриски стакла и друго).
При контролата е утврдено дека во 6 од контролираните 13 здравствени установи во истиот објект функционира и правно лице со друг назив за продажба на очила и леќи со коишто ФЗОМ нема склучено договор. Правните субјекти се со посебно Решение од Централен регистар и од Управата за јавни приходи.

**ОДДЕЛ ЗА КОНТРОЛА НА ЗДРАВСТВЕНИ УСТАНОВИ ОД БОЛНИЧКА ЗДРАВСТВЕНА ЗАШТИТА**

Одделот за болничка здравствена заштита (БЗЗ) извршил вкупно 42 контроли во период од 01.01.2012 до 30.06.2012 година. Распределбата на извршените контроли е прикажана во следниве табеларни прикази (табела 7, 8, 9 и 10).

**Табела 7- Приказ на контролите во болнички установи од болничка здравствена заштита – Сектор за контрола, централна служба на ФЗОМ, во јавни и приватни здравствени установи**

| Тип на здравствена установа | Број на контроли |
|---|---|
| ЈЗУ Универзитетски клиники | 23 |
| ЈЗУ Клинички болници | 1 |
| ЈЗУ Општи болници | 3 |
| ЈЗУ Специјални болници | 5 |
| ПЗУ Специјални болници | 10 |
| ВКУПНО | 42 |

**Табела 8- Приказ на контролите во болнички установи од болничка здравствена заштита – Сектор за контрола, централна служба на ФЗОМ, во јавни и приватни здравствени установи**

| Основ за контрола на болничка здравствена заштита | Број на контроли | Застапеност во % |
|---|---|---|
| ДСГ контроли | 9 | 21,4 |
| Контроли за вид и обем на здравствени услуги | 11 | 26,1 |
| Контроли по претставки | 19 | 45,2 |
| Контрола за издадено конзилијарно мислење | 1 | 2,3 |
| Контрола на нов начин на упатување | 2 | 4,7 |
| ВКУПНО | 42 | 100 |

Адреса: Македонија бб, 1000 Скопје
Тел.: 02 3289 012
Централа.: 02 3289 000
Факс: 02 3289 009
Е-пошта: info@fzo.org.mk

**Табела бр. 9 на најчестите неправилности според ДСГ методологијата на кодирање во период од 01.01.2012 до 30.06.2012 година**

| Основ за контрола во болничка здравствена заштита (ДСГ контроли) | Број на извршени контроли | Број на неправилности |
|---|---|---|
| Промена на ДСГ код | 9 | 7 |
| Погрешно кодирана процедура | | 7 |
| Погрешно кодирана примарна дијагноза | | 6 |
| Погрешно кодирана секундарна дијагноза | | 6 |
| Погрешно кодирање (ДБ, ЕДБ) | | 4 |
| Датум на испис | | 3 |
| Неуредно водена евиденција | | 2 |
| Недостаток на соодветна медицинска документација | | 2 |
| Погрешен тип на испис | | 1 |
| Порешен датум на испис | | 1 |
| Погрешно кодирана возраст | | 1 |
| Недостаток на лек на болничка листа | | 1 |

Адреса: Македонија бб, 1000 Скопје
Тел.: 02 3289 012
Централа.: 02 3289 000
Факс: 02 3289 009
Е-пошта: info@fzo.org.mk

**Табела бр.10 Распределба на извршените контроли на одделот за контрола на установите од болничка здравствена заштита**

| Контроли во болничка здравствена заштита | | | |
|---|---|---|---|
| **Основ за контрола во болничка здравствена заштита** | **Број на извршени контроли** | **Со уредна констатација** | **Со констатирани неправилности** |
| **ДСГ контрола** | **9** | **/** | **9** |
| **Контроли за вид и обем на здравствени услуги** | **11** | **3** | **8** |
| **Контроли по претставки** | **19** | **10** | **9** |
| **Контроли за издадено конзилијарно мислење** | **1** | **1** | **/** |
| **Контрола на нов начин на упатување** | **2** | **/** | **2** |
| **ВКУПНО** | **42** | **14** | **28** |

**Најчесто констатирани неправилности од извршените контроли во установите од болничка здравствена заштита по ДСГ за првата половина од 2012 година**

Од извршените контроли во здравствените установи од болничка здравствена заштита најчесто се констатирани следниве неправилности:

- погрешно кодирана процедура, избор на процедура спротивно на правилата за кодирање
- погрешно кодирана примарна дијагноза, избор на дијагноза спротивен на правилата за кодирање
- погрешно кодирана секундарна дијагноза, избор на дијагноза спротивно на правилата за кодирање
- заради поради погрешно кодирање и добивање на погрешни ДСГ кодови, погрешно се пресметува и наплаќа партиципација на осигурениците
- неправилно кодирање (ДБ, ЕДБ)
- погрешно внесување на датум на испис и прием
- неуредна евиденција во медицинската документација- историјата на болест
- (анамнестички податоци, статус на пациентот и текот на болеста, температурна
- листа, амбулантски дневни и др.)
- во медицинската документација не е најдена потврда за извршената процедура
- која е кодирана
- кодирани, но не извршени процедури, односно без доказ со соодветна медицинска документација
- констатиран недостаток на лек на болничка листа кој болницата е должна да го поседува

Адреса:Македонија бб, 1000 Скопје
Тел.: 02 3289 012
Централа.: 02 3289 000
Факс: 02 3289 009
Е-пошта: info@fzo.org.mk



**други/останати неправилности:**
-кодирање на здравствени услуги кои не се опфатени со задолжително здравствено осигурување (не се на товар на ФЗОМ),
-поединечно кодирање на здравствени услуги на различни одделенија во една здравствена установа, за една хоспитализација на еден осигуреник (трансфер од едно одделение на друго во иста ЗУ)
-дополнителна наплата на извршени здравствени услуги (изготвување специјалистички пакети или приватно наплаќање на услугите), за време на текот на една хоспитализација (во периодот од датумот на прием до датумот на испис според ДСГ).

**Најчесто констатирани неправилности од извршените контроли во установите од болничка здравствена заштита за првата половина од 2012 година**

- претставки од осигуреници со барање за рефундација на погрешно наплатена партиципација во Јавна здравствена установа добиена со погрешно ДСГ кодирање.
- Наплатена услуга која не е во склоп на ДСГ методологијата за кодирање и истата е наплатена приватно.
- Контроли по вид и обем на здравствени услуги со неисполнет договорен план за вид и обем.
- Погрешно наплатено конзилијарно мислење.
- Погрешно кодирање на осигуреник со двојно наплакање, односно наплатена здравствена услуга приватно, но и партиципација според ДСГ фактура.

ФОНД ЗА ЗДРАВСТВЕНО ОСИГУРУВАЊЕ НА МАКЕДОНИЈА
www.fzo.org.mk

Адреса: Македонија бб, 1000 Скопје
Тел.: 02 3289 012
Централа.: 02 3289 000
Факс: 02 3289 009
Е-пошта: info@fzo.org.mk

**РАБОТЕЊЕТО НА ОДДЕЛЕНИЕТО ЗА МОБИЛНА И ДЕЖУРНА КОНТРОЛА ПРИ СЕКТОРОТ ЗА КОНТРОЛА НА ФЗОМ ВО ПРВАТА ПОЛОВИНА НА 2012 ГОДИНА**

Одделението за мобилна и дежурна контрола е формирано во 2009 година. Потребата за формирање на ова одделение произлезе од грижата и одговорноста за осигуреникот, односно давање можност на осигуреникот во секое време да се обрати и да добие одговор при остварување на правата и обврските од задолжителното здравствено осигурување дадени со законот.
ФЗОМ своите мобилни контроли ги остварува по пријава на осигурениците кои што ќе не известат за неправилност при остварување на здравствена услуга во здравствена установа која што има договор со Фондот, како и по сознанија и сомнеж за неправилности во работењето на здравствените установи.
Одделението за мобилна и дежурна контрола врши контроли по укажувања, сознанија и информации за неправилности во работењето на здравствената установа и по претставка на осигурени лица, како и контроли на постапката за издавање на извештај за привремена спреченост за работа кај избраните лекари, лекарските комисии на Фондот и во здравствените установи кај специјалистите кои издавале мислење за боледување.
**За периодот јануари - јуни 2012 година од страна на Подрачните служби на Фондот извршени се 20 контроли на оцена на привремена спреченост за работа од страна на избраните лекари.**

**За периодот јануари - јуни 2012 година од страна на Одделението за мобилна и дежурна контрола извршени се вкупно 132 контроли, и тоа:**

1. **90 контроли на постапката за издавање на извештај за привремена спреченост за работа (боледувања);**
2. **39 мобилни контроли во здравствени установи по претставка на осигуреници и сознанија за неправилности во работењето;**
3. **3 контроли во ЈЗУ универзитетски клиники во врска со рефундација на медицински потрошен материјал.**

## 1. Контроли на боледувања

Извршени се вкупно 90 контроли на боледувања, од кои 70 контроли во здравствени установи и 20 контроли во лекарските комисии на Фондот.

Контроли на боледувања во здравствени установи:

- 36 контроли кај избраниот лекар во ординациите од примарна здравствена заштита (општа медицина, гинекологија и педијатрија);
- 34 контроли во специјалистичко консултативни и болнички јавни здравствени установи.

Адреса: Македонија бб, 1000 Скопје
Тел.: 02 3289 012
Централа.: 02 3289 000
Факс: 02 3289 009
Е-пошта: info@fzo.org.mk

При извршените контроли констатирани се следните неправилности:

- Ретроградно издавање на боледување
- Неуредна евиденција во медицинската документација
- Не запазување на дијагностичкиот минимум и апсолутната спреченост за работа согласно Критериумите за дијагностички постапки и оцена на привремена спреченост за работа

Следи табеларен приказ на бројот на извршени контроли со констатирани неправилности:

Табеларен приказ на контроли кај избраниот лекар со неправилности:

| | Јануари-Јуни 2012 |
|---|---|
| Вкупно извршени контроли | 36 |
| ретроградно издадени боледувања | 1 |
| Не бил исполнет критериумот за апсолутна и релативна спреченост за работа согласно Правилникот и Критериумите | 2 |
| Не бил исполнет дијагностичкиот согласно Правилникот и Критериумите | 4 |
| Евиденцијата на издадените боледува е водена уредно | 25 |
| Евиденцијата на издадените боледува не е водена уредно | 6 |

Табеларен приказ на контроли во специјалистичко консултативни и болнички здравствени установи:

| | Јануари-Јуни 2012 |
|---|---|
| Вкупно извршени контроли | 34 |
| Евиденцијата на издадените боледува не е водена уредно | 5 |
| Не е запазен дијагностичкиот минимум согласно Правилникот и Критериумите | 1 |
| Не е запазен критериумот за апсолутна и релативна спреченост за работа согласно Критериумите | / |

Записниците/извештаите од извршените контроли кај кои се утврдени неправилности доставени се до Комисијата за оценување на услови за изрекување на договорни казни и по истите е постапено, односно на здравствените установи им се изречени договорни казни.

Адреса: Македонија бб, 1000 Скопје
Тел.: 02 3289 012
Централа.: 02 3289 000
Факс: 02 3289 009
Е-пошта: info@fzo.org.mk

**Контроли на боледувања во лекарските комисии на Фондот:**

Извршени се 20 контроли во лекарските комисии на Фондот при што се констатирани неправилности во 3 случаи и тоа:

- во 1 случај на боледување не е уредно водена евиденцијата во медицинската документација.
- во 2 случаи на контрола на боледувања не е запазен критериумот за апсолутна и релативна спреченост за работа согласно Критериумите за дијагностички постапки.

Табеларен приказ на контроли во лекарските комисии:

| | Јануари-Декември 2011 |
|---|---|
| Вкупно извршени контроли | **20** |
| Евиденцијата на издадените боледува не е водена уредно | **1** |
| Не е запазен дијагностичкиот минимум согласно Правилникот и Критериумите | **/** |
| Не е запазен критериумот за апсолутна и релативна спреченост за работа согласно Критериумите | **2** |

## 2. Мобилни контроли во здравствени установи извршени по претставка на осигуреници и по сознаниа за неправилности во работењето

За период од 01.01.2012 г-30.06.2012 г изршени се **39 мобилни контроли** во здравствени установи од страна на Одделението за мобилната и дежурна контрола.

По извршените контроли генерално се утврдени следните **констатации :**

- Здравствената установа при давањето на здравствени услуги на осигуреникот наплатила дополнителни средства, спротивно на одредбите од Правилникот за содржината и начинот на остварувањето на правата и обврските од задолжителното здравствено осигурување;
- Здравствената установа не поседува комплетна ампуларна терапија за ургентни состојби;
- Во јавна здравствена установа вработен лекар не го почитува важечкото упатство и начин на упатување.
- Избраниот лекар и неговата замена отсуствувале од работа во ист временски период без да се договорат меѓусебно.

Адреса: Македонија бб, 1000 Скопје
Тел.: 02 3289 012
Централа.: 02 3289 000
Факс: 02 3289 009
Е-пошта: info@fzo.org.mk

**3. Мобилни контроли**
**во ЈЗУ Универзитетски клиники по доставени барања за контрола од Подрачните служби**

Во периодот јануари- јуни 2012 година извршени се 3 контроли во ЈЗУ Универзитетски клиники со увид во евиденцијата на медицинската документација. Контролите се извршени по барања од Подрачните служби на Фондот, а во врска со рефундација на средства за медицински потрошен материјал. Со контролите е направен увид во медицинската документација за пружените здравствени услуги при кои се користени импланти и медицински потрошен материјали набавени од осигурениците со сопствени средства и за истите е барано повраток на средствата од страна на осигурениците.

## ПОЛУГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ ЗА РАБОТЕЊЕТО НА ОДДЕЛЕНИЕТО ЗА ВНАТРЕШНА КОНТРОЛА ПРИ СЕКТОРОТ ЗА КОНТРОЛА НА ФЗОМ ЗА 2012 ГОДИНА.

**1. Организациона поставеност**

Одделението за внатрешна контрола организациски претставува составен дел на Секторот за контрола при Фондот за здравствено осигурување на Македонија.

**2. Работни задачи:**

Одделението за внатрешна контрола има задача да врши контрола на работењето на подрачните служби на Фондот согласно со законските прописи, подзаконските акти и пропишаните интерни процедури на Фондот за здравствено осигурување на Македонија, како и давање препораки за корегирање и подобрување на одделни сегменти од работата на ФЗОМ.

Од страна на одделението се вршат следните видови контроли:

- Контрола севкупното работење на подрачната служба
- Контрола на одделни сегменти од работата на подрачна служба
- Контроли по барање на Директори,раководители на ПС и на останати сектори на ФЗОМ
- Контроли по претставки на осигуреници, ПЗУ и сл. (УПП)
- Заеднички Контроли со други одделенија при сектор контрола
( ПЗЗ, Специјалистичка и сл.)

Контролите на севкупното работење на подрачните служби се извршуваат согласно со годишен план за контрола додека останатите видови контроли се извршуваат по укажана потреба.
Контролата на севкупното работење на подрачната служба се врши за период од предходната и тековната календарска година и опфаќа: Контрола на водење на деловните книги – архива, Контрола на почитување на работното време, Увид во планот за контрола, Контрола на издадени ортопедски помагала, Контрола на остварување на правото на медицинска рехабилитација,Контрола на остварување на правото на надомест на плата за време на привремена спреченост за работа,Контрола на надомест на трошоци за набавени лекови, вградени медицински материјали и ортопедски помагала, извршени здравствени услуги во

Адреса: Македонија бб, 1000 Скопје
Тел.: 02 3289 012
Централа.: 02 3289 000
Факс: 02 3289 009
Е-пошта: info@fzo.org.mk

јавно здравство, приватно здравство, за време на привремен престој надвор од земјата и лекување во странство, Контрола на приемот и обработката на фактурите и други документи од здравствените установи,Контрола на финансиското работење на подрачната служба – акредитивни сметки и исплата на парични средства по доспеани обврски,Контрола на уплатата на придонес за задолжително здравствено осигурување и издавање на сини картони,Контрола на надомест на штета – регрес и повреда на работа или надвор од работа, Контрола на ИЛ-1 обрасци, Контрола на решенија за ослободување од учество (партиципација), Контрола на решенија за повеќе уплатен придонес, тужби за неплатен придонес, стечај и ликвидација, Контрола на исплатата на ПЗУ аптеки, Број и структура на вработени во ФЗО ПС и здравствени установи кои ги покрива подрачната служба,Правилна примена на општата управна постапка.
По извршените контроли на севкупното работење на подрачните служби се изготвува Извештај од извршена контрола кој се доставува до подрачната служба, а по доставен приговор/одговор во соодветниот временски рок се изготвува Конечен извештај кој се доставува до Генералните директори, директорите на сектори и раководителот на одделението за внатрешна ревизија на ФЗОМ заради информирање и евентуално понатамошно постапување.

### 3. Извршени контроли

Во периодот 01.01. до 30.06.2012 година од страна на одделението за внатрешна контрола се извршени вкупно 31 контроли. Структурата по видови и нивната процентуалана застепеност е дадена во следната табела:

**Табела 1: Извршени контроли од страна на одделението за внатрешна контрола во 2012 година по видови**

| Реден број | Вид на контрола | Број на извршени контроли | Застапеност во % |
|---|---|---|---|
| 1 | Контрола на севкупното работење на подрачната служба | 16 | 51,61% |
| 2 | Контрола на одделни сегменти од работата на подрачна служба | 1 | 3,23% |
| 3 | Контроли по барање на Директори,раководители на ПС и останати сектори на ФЗОМ | 5 | 16,13% |
| 4 | Контроли по претставки на осигуреници,ПЗУ и сл. (УПП) | 7 | 22,58% |
| 5 | Контроли заеднички со други одделенија при сектор контрола ( ЗУ, ПЗЗ, Специјалистичка и сл.) | 2 | 6,45% |
| **ВКУПНО:** | | **31** | **100,00%** |